**Обраќање на министерката за одбрана Славјанка Петровска на Конференцијата „УКРАИНА - ГОДИНА НА ХЕРОИЗМОТ“ во организација на НВО „Цивил“ и Амбасадата на Украина во Северна Македонија**

24 февруари 2023 година, Дом на Армија - Скопје

24 февруари 2023 година, една година подоцна!
Што одбележуваме денес?
Слободно ќе кажам: 365 дена отпор, пркос, храброст, искреност да се одбрани сопствената територија.
Му се поклонувам на украинскиот народ кој на светот му покажа дека љубовта кон сопствената татковина е посилна од оружјето на агресорот.
Паднаа во вода сите претпоставки на аналитичарите, па дури и плановите на Путин дека Украина ќе биде совладана за 72 часа. наместо покорување, доби одговор и тој одговор се уште трае.

Ова е година на херојство во која украинскиот народ против целосната руска инвазија на Украина покажа што може за својата татковина. Но и година на единство и сојузништво на европскиот континент.
Путин направи две големи стратешки грешки! Прво, целосно ја потцени решителноста на Украина, а второ, го потцени единството на Европа и единството на НАТО Алијансата. Нашето единство е нашата најголема сила. Се трудеа да нè поделат, но го постигнаа токму спротивното. Ние сме пообединети и порешителни од било кога.

Северна Македонија, како земја членка на НАТО Алијансата, но пред сè како држава која одлуките ги носи самостојно токму водејќи се од принципите на почитување на меѓународното право, на дело покажа дека е цврсто посветена на поддршката и помошта на Украина. Споредено со нашите капацитети и големина, горда сум што припаѓаме во групата на земји кои силно ја помагаат Украина во нивната праведна одбрана од агресијата.
Нашата помош и поддршка ќе ги има се додека Украина и украинскиот народ не го остварат своето право слободно да се движат и живеат на сопствената територија. На државата која е меѓународно призната, суверена и независна. Помагаме и поддржуваме затоа што силно веруваме во меѓународните принципи, но пред се во правот  на живот и слобода.
Вчера се вратив од Украина и во мене носам различни чувства. Ужасеност, бес и тага за тоа што го видов. Разрушени домови, уништени детски, градинки, детски игралишта. Го

видов и возилото со кое четиричлено семејство се обидувало да избега од бесните руски војници. За жал не успеале, татко, мајка и две малолетни деца биле сурово убиени.
Ги видов и фотографиите од злосторствата во Буча. Застрелан 70 годишен пензионер кој се враќал од локалната продавница со торба храна. Убиен 50 годишен маж додека се враќал од работа, а покрај него седи неговото куче. Убиена 45 годишна жена на вратата од нејзиниот дом. Убиени деца. Ова се само неколку примери од 100 - тина сурово убиени а некој од нив и сурово мачени украински граѓани кои никому не згрешиле ништо, невини, невооружени цивили. И покрај овие слики и траорната глетка се враќам и охрабрена дека Украина ќе победи, затоа што никој нема да успее да им ја одземе љубовта кон сопствената татковина и затоа што поддршката и помошта од сиот цивилизациски свет ќе биде уште поголема. Ова не е само борба на Украина ова е борба за одржување на целиот меѓународен поредок, кој се заснова на правила и принципи.

Почитувани присутни

Слободата нема цена, исто како што нема цена и нашата поддршка и помош за Украина.